Јавно комунално претпријатие
ПАЗАРИ
Бр. 01 - 224/2
17.12 2022 год
ПРИЛЕП

**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**„ПАЗАРИ“ – ПРИЛЕП**

**УЛ.МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО БР.57**

# ПРОГРАМА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ПАЗАРИ- ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА

Прилеп, Декември 2022

## 01.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

ЈКП Пазари Прилеп е основано од Советот на Општина Прилеп со Одлука бр.03-671/5 од 24.05.2004 година со намена управување со пазари на големо и мало како една од дејностите од јавен интерес за градот Прилеп. По донесувањето на основачкиот акт и формирањето на органите на управување, ова јавно претпријатие почна да делува како посебен правен субјект во правниот промет со упис во трговскиот регистар на Основниот суд во Битола, регистарски број 01018308, Трг. бр. 758/04.

ЈКП Пазари Прилеп со делбен биланс се издвои од Јавното комунално претпријатие Комуналец Прилеп со одлука на Советот на Општина Прилеп, односно формирани се две нови претпријатија за вршење на дејностите од јавен интерес и за задоволување на потребите на граѓаните на Општина Прилеп.

Како дејности кои ги извршува Јавното претпријатие Пазари се:

- Издавање и управување со сопствен недвижен имот или имот земен под закуп (лизинг)
- Сите дејности утврдени во националната класификација на дејностите, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.
- Претпријатието без упис во судскиот регистар во помал обем ќе врши и други дејности што се запишани во судскиот регистар кои вообичаено се вршат или придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат за вршење на запишаните дејности.

Денес ЈКП Пазари Прилеп е претпријатие кое ги следи современите трендови на работење во јавната дејност која ја врши и е лидер во регионот во осовременување и модернизирање на јавните услуги кои се предмет на дејноста која ја обавува. За тоа сведочи и бројната посетеност на пазарот и деловните објекти со кои стопанисува, особено во пазарните денови, одржувајќи и негувајќи ја на тој начин традицијата и духот на живеењето на граѓаните на град Прилеп.

## 2.МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ЈКП ПАЗАРИ

Мисија на јавното претпријатие е обезбедување на квалитетен јавен сервис на граѓаните, овозможувајќи современ и безбеден пристап до квалитетни, свежи и органски производи од растително и животинско потекло кои допринесуваат за унапредување на здравјето и квалитетниот живот на жителите на општина Прилеп. Дел од нашата мисија исто така е и зачувувањето на традицијата и духот на живеење на нашите сограѓани и нивната навика за посета на пазарот во потрага по квалитетни и свежи производи, меѓусебни средби, разговори и дружења кои особено се изразени во пазарните денови години наназад.

Визијата на нашето работење е константно унапредување на условите во кои нашите сограѓани а и посетителите од регионот ќе ги користат услугите на јавното претпријатие и изнудување на уште посовремени деловни простории и поквалитетни места за закуп на простор за продавање со што би се привлекле што повеќе закупци кои би стопанисувале во рамки на пазарот. Задоволството на граѓаните и нивните потреби се приоритет при поставување на сите цели во нашето работење. Нашата мисија и визија е остварена само тогаш кога постои усогласеност на нашите ангажмани со потребите и желбите на граѓаните.

## 3.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Програмата за субвенционирање на трошоците од работењето на претпријатието е компатибилна со мисијата и визијата на менаџментот и вработените во ЈКП Пазари но исто така и со заложбите на локалната самоуправа и градоначалникот за обезбедување на квалитетен јавен сервис за граѓаните на град Прилеп. Целите на програмата подразбираат остварување на стратешката визија на претпријатието и ќе обезбедат финансирање на инвестициони зафати кои се неопходни за напредок, раст и развој на претпријатието и негово функционирање по нагорна линија на развој.

Ориентираноста на јавните претпријатија треба да биде во насока на обезбедување на што подобри јавни услуги на граѓаните на град Прилеп, па оттука и барањето за обезбедување на потребните средства за следење на преземените инвестициони и оперативни зафати. Како резултат на современите трендови на динамичен и модерен живот кои овозможуваат пристап до свежи производи и услуги кои ги нуди претпријатието се јавува потреба од дополнителни средства. Со поддршката од средствата од субвенции се добива поголема конкурентност на услугите кои ги нуди јавното претпријатие и со тоа ќе може да се следат и трендовите кои ги наметнува современото работење. Вложувањата кои ги направивме и ќе ги направиме во осовременувањето и модернизирање на просторот на пазарот и на деловните објекти секако дека придонесоа за развој на претпријатието по нагорна линија и премостување на тешкотиите кои неминовно произлегуваат од променетите услови на работење. Сето тоа придонесе за зголемена конкурентност на претпријатието кое заради дејноста која ја врши е принудено да се адаптира и да ги следи условите на пазарот и покрај тоа што обезбедува јавен сервис. Со цел да се надмине таа разлика која постои помеѓу услугите кои ги нуди јавното претпријатие и приватниот сектор потребно е субвенционирање на дел од трошоците кои се предмет на оваа програма.

Целта на програмата за субвенционирање на обврските од јавното претпријатие би била во насока на започнување инвестициони активности како и следење на потребите за проширување и надградување на идните инвестициони зафати.

Приходот кој претпријатието го генерира од вршењето на редовните дејности во 2022 година скоро во целост се прекрива со трошоците за плата на вработените кои

изнесуваат околу 60% од вкупните расходи во претпријатието и тековните фиксни и варијабилни трошоци и даноци од работењето кои изнесуваат околу 30%.

Па така поголем дел од инвестиционите активности се финансираат од други извори на средства (субвенции од локалната самоуправа) а многу мало е учеството на сопствените средства. Од горенаведените причини потребно е понатамошно субвенционирање на инвестиционите зафати од извори на средства од локалната самоуправа како најповолен начин на финансирање на проектите кои се планирани за периодот за 2023 година.

## 4.ПЕРИОД НА ПРИМЕНА

Оваа програма ќе се применува во една календарска година и тоа од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

## 5.ПРЕДЛОЗИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Јавното претпријатие сега бележи релативно стабилно ниво на трошоци, како резултат на постојаните мерки за штедење кои се преземаат од една страна , меѓутоа треба да се има предвид моменталната состојба со светската економска и енергетска криза што не ограничува и не оневозможува во планирањето на поголеми инвестициони вложувања.

Потребата од осовременување и модернизирање на просторот во пазарот е повеќе од евидентна и придобивките се следните:

- задржување на постојните закупци
- привлекување на нови закупци
- подобрување на квалитетот на просторот за издавање
- подобра искористеност на просторот
- зголемен приход од наемнина
- поквалитетна услуга за закупците
- поквалитетна услуга за граѓаните
- достапност и ефикасност на јавните услуги
- зголемување на вредноста на капиталот на претпријатието и локалната самоуправа
- поттикнување на самовработувањето
- зголемена енергетска ефикасност

Со цел да се обезбеди и проектира долгорочна развојна перспектива ангажиран е целокупниот персонал на претпријатието и со соодветна политика на постојана поддршка од основачот Советот на Општина Прилеп, обезбедено е непречено и континуирано извршување на дејноста.

Барајќи постојано нови излезни решенија за приливи на нови парични средства, зголемување на приходите од работењето предлагаме основачот Советот на Општина Прилеп, од буџетот за 2023 година да ни ги субвенционира следните трошоци:

1. Тековно одржување на градскиот Пазар
2. Изработка на техничка документација за водоводна и канализациона мрежа
3. Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа
4. Модернизација и замена на дотраени тезги
5. Санација на оштетувањата на кровната конструкција на зелениот дел од пазарот.
6. Санација на оштетувањата на системот за одвод на атмосферска вода (олуци) на зелениот дел од пазарот
7. Отстранување на остатоците од мрсната боја на бетонските тезги во зелениот дел од пазарот и нивно пребојадисување
8. Санирање на оштетувањата и чистење на плафоните од ПВЦ ламперија над тезгите
9. Промена на корозираните ребровани лимови од пазарот за сирење
10. Реновирање на просторијата на наплатувачите и помошниот технички персонал
11. Промена на оштетениот лимен кров и кровната конструкција на дел од дуќаните во пазарот
12. Санација на деловен објект на КП број 14719/7
13. Санација и техничко опремување на јавниот тоалет во пазарот
14. Проширување на влезот на пазарот од страната на новата катна гаража, со промена на оградата од фиксна во подвижна

**Вкупниот износ на трошоци кои бараме нашиот основач Советот на Општина Прилеп да ги субвенционира се 6.000.000 денари.**

Прилеп, декември 2022 година

Директор,

Игорче Крстески

Јавно комунално претпријатие ПАЗАРИ - Прилеп